**20262233684**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 15 септември 2026 година.

Бр. 08-5638/1
15 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Член 1

Во Законот за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2009, 43/14 и 64/18), членот 9 се менува и гласи:

„(1) За именување на владин агент се спроведува постапка за именување согласно со Законот за високи раководители.

(2) За владин агент може да биде именувано лице кое, покрај условите предвидени во Законот за високи раководители, ги исполнува и следниве услови:

1) има положен правосуден испит;

2) има најмалку пет години работно искуство на правни работи, по положен правосуден испит;

3) има искуство во областа на заштитата и унапредувањето на човековите права и слободи утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународното право;

4) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик:

- ТОЕФЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 110 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 7 бода,

- БЕЦ (BEC) – Higher,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Ц1 (C1) ниво,
- ЦАЕ (CAE) (Cambridge English: Advanced) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 75 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Ц1 (C1) и

5) не врши друга јавна функција или професија, не е член на политичка партија, член на управен одбор, надзорен одбор или кој било друг орган кај друг субјект.“.

Член 2

Членот 17 се менува и гласи:

„(1) На владиниот агент мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.

(2) Покрај случаите од ставот (1) на овој член, мандатот на владинот агент му престанува и ако биде избран или именуван на друга јавна функција.

(3) Престанокот на мандатот на владинот агент го утврдува Владата на Република Северна Македонија.“.

Член 3

Во член 18 ставот (1) се менува и гласи:

„Владиниот агент може да се разреши пред истекот на мандатот согласно со Законот за високи раководители и поради нестручно и несовесно вршење на функцијата владин агент.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.